**Бр.26-317/2**
**Датум:12.03.2026 година**

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), а согласно Конкурсот за учебник во основно образование бр. 26-1359/1 од 22.12.2025 година, објавен од страна на Педагошката служба на интернет страницата на Министерството за образование и наука, на ден 22.12.2025 година, директорот на Педагошката служба, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

***за формирање на Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по Конкурсот за учебници во основно образование бр.26-1359/1 од 22.12.2025***

1. **СЕ ФОРМИРА** Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по Конкурсот за учебници во основното образование бр. 26-1359/1 од 22.12.2025 година (во натамошниот текст: Комисијата за шифрирање и проверка), во состав:

- **Хикмете Селмани - претседател;**
- **Виолета Костовска - член и**
- **Зоран Штерјовски - член.**

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за шифрирање и проверка од точка 1 на ова Решение, преку Педагошка служба, во рок од три дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација, шифрираните ракописите за учебници да ги достави до рецензентската комисија за ракопис на учебник, формирана од Националната комисија и до Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото).


Министерство за образование и наукана
Република Северна Македонија
Ministria e ArsimitdheShkencës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

3. Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а Бирото има забелешки на ракописот за учебник пред доставување на стручното мислење, **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за шифрирање и проверка, да постапи согласно член 14 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25).

4. Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а рецензентската комисија за ракопис на учебник има забелешки пред доставување на стручното мислење, **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за шифрирање и проверка, да постапи согласно член 14 став (7) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25).

5. **СЕ ОВЛАСТУВА** Комисијата за шифрирање и проверка од точка 1 на ова Решение да ги презема сите процесни дејства во однос на понатамошна постапка за овој Конкурс.

6. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ДИРЕКТОР,**
**м-р Роберт Аџипетров**

Доставено до:
- Претседател/членови
- Писарница на Министерството


Министерство за образование и наукана Република Северна Македонија
Ministria e ArsimitdheShkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk